# ИЗБОРИ 2014: ДИСКВАЛИФИКУВАНА ДЕМОКРАТИЈА




CIVIL

www.civil.org.mk

# Избори
# 2014
# ДИСКВАЛИФИКУВАНА ДЕМОКРАТИЈА

**Избори 2014: ДИСКВАЛИФИКУВАНА ДЕМОКРАТИЈА**

Издава: ЦИВИЛ - Центар за слобода
За Издавачот: Џабир М. Дерала

Автори:
**Сашо Орданоски (уредник)**
**Џабир М. Дерала**

Редакција на ЦИВИЛ (автор(к)и и проектен тим):
Сандра Гавриловска, Мери Јордановска, Петар Стојковиќ, Арбана Ќерими, Џелал Хоџиќ, Биљана Јордановска, Александар Николиќ Писарев, Фросина Митрушева, Стефан Урџановски, Кате Христовска, Соња Ефтовска, Бујамин Камбери, Горан Наумовски, Марко Петревски

Насловна страна и илустрации: Игор Стевковски
Дизајн: Мирослав Стојановиќ и Џабир М. Дерала
Фотографии: Стефан Урџановски, набљудувачи на ЦИВИЛ, проектен тим, соработници, граѓан(к)и, архива на ЦИВИЛ
Печати: ТП Дуле 99, Скопје
Тираж: 300 примероци

Оваа публикација е поддржана од: Амбасада на САД, Швајцарска агенција за развој и соработка, Германска амбасада, Фондација Отворено општество - Македонија, Форум Цивилен мировен сервис. Наодите и ставовите изнесени во оваа публикација се исклучиво на ЦИВИЛ и не нужно ги рефлектираат оние на донаторите.

Оваа публикација е достапна во печатена и електронска верзија (онлајн и на ЦД) на македонски, албански и англиски јазик.
ЦД изданието содржи и Календар на настани, видео, аудио и фотографски прилози.

Дозволено е преземање на содржината или делови од содржината на оваа публикација според условите на **Creative Commons Attribution 4.0 International License.**

**ISBN-10: 608-65629-2-X**
**ISBN-13: 978-608-65629-2-2**
**EAN: 9786086562922**




**СОДРЖИНА** | Вовед 6 | Општ политички контекст и распишување на изборите 8 | Предвремен почеток на изборните кампањи 12 | Кршење на изборниот молк 14 | Медиумска пристрасност и пропагандна неизбалансираност 15 | Предизборна кампања за претседателски избори 18 | Законитост во спроведувањето на изборите 19 | Употреба на полицијата 23 | Партиски притисоци и поткуп на гласачи 24 | Гласање на затвореници 26 | Избирачки список 27 | Фантомски гласачи 28 | Незаконско однесување на членови на избирачките одбори 34 | Јавно гласање 35 | Семејно и групно гласање 35 | Одговорот на институциите 37 | Притисоци врз набљудувачите на Цивил 39 | Цивил и ДИК 40 | Постизборно набљудување 41 | Имплементација, методологија и поддршка на проектот Слободни избори 2014 45 | Влијание на Цивил во интернет просторот 48


ОЛИЦИЈА
ПОЛИЦ
ПУСТЕЦ
11
9
10

8 години од доаѓањето на ВМРО-ДПМНЕ на власт и по осум изборни циклуси на сите нивоа во државата, најдобриот опис за сегашната состојба со македонската изборна демократија е да замислите дека фудбалскиот натпревар меѓу политичките конкуренти се игра на терен на кој власта својот гол го поставила на врвот од ридот, а диреците на опозицијата се наоѓаат во мочуриштето во подножјето на брегот. Судиите се потплатени да навиваат за владата, топката е заменета со хокеарски пак, опозицијата наместо во копачки трчка наоколу во апостолки, публиката главно се состои од државни службеници, монополот за продажба на семки и кикиритки го држи еден помал коалиционен партнер во власта, а правата за директен и објективен пренос на натпреварот ексклузивно ги има добиено ТВ Сител.

Поголемиот дел од останатите важни избирачки елементи – како што се димензиите на изборните паравани и бојата на гласачките ливчиња – е според високите скандинавски изборни стандарди.


ПУСТЕЦ
ПОЛИЦИ

# Вовед

Држава во која владата ги контролира сите полуги на моќта, вклучувајќи го и судството и изборниот процес, не толерира никакво малцинство или спротивставени гледишта и користи страв и вознемирувања за спроведување на својата власт врз општеството", напиша за Балканинсајт (Balkaninsight)[1] неодамна од Брисел Ерван Фуере (Erwan Fouéré), некогашниот (2005-2011) специјален претставник и раководител на канцеларијата на Делегацијата на Европската Унија во Скопје. Фуере заклучува дека „демократијата ја загуби својата смисла во Македонија".

Ова е веројатно најкусиот, но најпрецизен и сеопфатен опис на состојбите со македонската демократија, изречен од еден добронамерен и долгогодишен пријател на македонската држава и на луѓето кои живеат во неа. Во изминатите осум години Македонија полека назадуваше од нивото на една недоизградена демократија во развој, со низа изборни елементи кои требаше да се унапредуваат со секои наредни демократски избори, во очигледно недемократска земја – или, како што вели Фридом хаус (Freedom House)[2] во своето последно рангирање за 2014 г., во Македонија владее псевдо-демократски режим кои тие го квалификуваат како „хибридна демократија" – во која постојат само некои елементи што потсетуваат на нормалните демократски стандарди.

Впрочем, и во својата Изјава за првичните наоди и заклучоци од македонските избори во 2014 г.[3], Меѓународната набљудувачка мисија на ОБСЕ/ОДИХР за изборите во земјава констатира

[1] http://www.balkaninsight.com/en/article/democracy-has-lost-its-meaning-in-macedonia.
[2] http://freedomhouse.org/report/nations-transit/2014/macedonia#.U56qsnbm5ws
[3] Изјавата на Мисијата на OSCE/ODIHR во земјава е објавена на 28 април 2014 g. и во целост може да се прочита на: www.osce.org/odihr/elections/116272

„ефикасно" спроведени избори, со многу забелешки околу суштински демократски аспекти кои биле прекршени за време (и) на овие македонски избори: несоодветно разграничување на партиските од државните ресурси и активности, заплашување на гласачите, прекумерен притисок врз етничките албански гласачи за бојкот на претседателските избори, голема медиумска пристрасност во полза на владејачката партија и нејзиниот претседателски кандидат, недоследности и двосмислености во законската изборна регулатива, загриженост за точноста на Избирачкиот список, неефективност на механизмот за решавање на изборни спорови итн.

Сето тоа се случува во повеќегодишна атмосфера на говор на омраза посредно промовиран и поттикнуван од власта низ електронските и печатените медиуми од кои најголем дел имаат уредувачки политики под директна контрола на власта; во отсуство на политички дијалог како резултат на жестоката конфронтација меѓу режимот и опозицијата во земјата; со сериозни нерегуларности и ерозија на демократските стандарди во сите сфери на функционирањето на една нормална парламентарна демократија. Покрај ова, изборниот процес се одвива и во комбинација на високо наелектризирана политичка атмосфера, на слаби и партизирани државни институции, распространета социјална несигурност и сиромаштија, ниска граѓанска свест и постојано подгревани етнички тензии.



# Општ политички контекст и распишување на изборите

Во услови на политичка криза во земјата се организираа и претседателските и вонредните парламентарни избори во 2014 година. Политичката криза, која со различен интензитет трае повеќе години, својата кулминација ја доживеа со насилното истерување на опозициските пратеници и новинарите од македонското Собрание на 24 декември 2012 г. Тоа се случи во деновите кога во Собранието се носеше буџетот за 2013 г., на што опозицијата жестоко се противеше и, со примена на методот на парламентарен *филибастеринг*, се обиде да го забави, односно да го блокира процесот. Локалните избори во март 2013 г. се одвиваа во услови на политичка криза, бојкот, серија протести и интензивно меѓународно дипломатско посредување. На тие избори, опозицијата учествуваше благодарение на силниот меѓународен притисок врз неа.

Годината по локалните избори, на кои надмоќно триумфираше владејачката коалиција на централно ниво (ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ), протече во знакот на жестоки меѓупартиски препукувања, но и пораст на меѓуетничките тензии, поттикнати токму од страна на владејачките коалициони партнери. Овие трендови се засилија особено по почетокот на процесот за избор на кандидат за претседател од редовите на владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ. По одлуката на оваа партија како свој изборен адут повторно да го кандидира актуелниот македонски претседател Ѓорге Иванов, владината коалиција се разниша бидејќи ВМРО-ДПМНЕ не го уважи барањето на коалициониот партнер ДУИ на избори да се оди со „консензуален претседателски кандидат“, зад кого би застанала поширока граѓанска и мултиетничка поддршка. Уследи мала политичка владина криза која за владејачките партии и нивното собраниско мнозинство претставуваше добар изговор за распишување и на предвремени парламентарни избори.

Всушност, повеќе независни политички аналитичари и бројни претставници на опозицијата коментираа дека, заради непостигнувањето на договор за заеднички „консензуален" претседателски кандидат од редовите на власта, а имајќи го предвид цензусот (40%) на гласачка излезност во вториот круг на гласањето за избор на претседател, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ се посомневаа во пропаѓање на претседателските избори заради можен опозициски бојкот на гласањето и недоволен бирачки одзив.

За да ја пресретнат политичката криза во државата што така би настанала, а за што самите би биле виновни и со чии што последици тешко би се справувале, владејачката македонска партија, ВМРО-ДПМНЕ, и нејзиниот албански партнер во власта ДУИ, на највисоко ниво и настрана од очите на јавноста договориле сценарио кое би било добитно и за двете националистички структури на власта: да се оди и на претседателски и на парламентарни избори со од ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ фабрикувано и контролирано доволно високо ниво на националистичка конфронтација околу „несогласувањето" за избор на етнички „консензуален" македонски претседател, што би им помогнало Иванов да се реизбере за претседател, но и да се потиснат непријатните социјални и економски изборни теми со добро познатиот политички речник и аргументација на прикриен и отворен национализам. Така дополнително би се зацврстила и нивната власт во Собранието.

За подобро да се разбере политичкиот, социјалниот и психолошкиот контекст во кој се подготвуваа и се спроведоа и овие избори во Македонија мошне се илустративни податоците од едно неодамнешно истражување на Македонски центар за европско образование (МЦЕО) за чувството на слобода и страв кај македонските граѓани[4]. Истражувањата на МЦЕО покажуваат дека 53% од испитаниците сметаат дека македонските граѓани не го искажуваат слободно своето мислење, а дури 81,3% од оние кои вака мислат „се плашат од последици врз нив и нивното семејство". Големо мнозинство од 63,6% од испитаниците се убедени дека „тајните служби во Македонија ги прислушкуваат комуникациите на луѓето кои ги сметаат за противници", а само 20% не веруваат во тоа. Со вака персонализиран страв кај граѓаните и чувство на лична несигурност, не чуди што дури 57,7% од испитаниците се уверени дека власта во Македонија има начин да дознае како самите тие гласаат на избори.

[4] Маричиќ, Б., и Петковски, Љ., „Еурометар", работен документ во кој се објавени прелиминарните податоци за анкета спроведена од МЦЕО во периодот 01.03.-19.03.2014 г. во Македонија, на репрезентативен примерок од 1.200 испитаници.

Во ваков политички и општествен контекст претседателот на Собранието на Република Македонија Трајко Вељановски ги распиша претседателските избори на 1 февруари годинава. Според изборниот распоред, првиот круг на претседателските избори се закажа за 13 април, а вториот круг за 27 април 2014 г. Според претходно постигнатиот договор меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, на 6 март Вељановски распиша и предвремени парламентарни избори за 27 април, на истиот ден со вториот круг на претседателските избори.

Откако се распишаа изборите, Државната изборна комисија (ДИК) ги соопшти законските рокови за почеток на предизборните кампањи: за претседателските избори кампањата започна на 24 март, а за предвремените парламентарни избори на 5 април 2014 г.







# Предвремен почеток на изборните кампањи

Со осум изведени избори – двапати локални, двапати претседателски и дури четири редовни и вонредни парламентарни – во осумте изминати години откако е ВМРО-ДПМНЕ континуирано на власт (2006-2014), македонското општество се наоѓа во состојба на перманентна изборна кампања. Постојаната партиско-политичка мобилизиција е еден од важните услови на владејачкиот десен популизам во земјата. Владејачката партија е постојано присутна на теренот, со микроменаџирање на потребите на своето членство и на своите симпатизери, но и на бројни други граѓани на Македонија, партиски неопределени, кои преку партијата на власт настојуваат да ги решат големите социјални и економски проблеми на своето секојдневие – новите избори се секогаш шанса за зацврстување на клиентелистичката држава и нови ветувања за вработувања во јавниот сектор, за исплата на ветени и заостанати земјоделски субвенции, за унапредувања во бирократијата на локално и на државно ниво, за повторна непречена злоупотреба на сите државни ресурси за партиски изборни цели, но и за вбризгување „свежи" пари од државниот Буџет низ локалните партиски организации и структури на партиите на власт, особено оние на ВМРО-ДПМНЕ.

Заради интензитетот и бројноста на изборите, премиерот и министрите, директорите на јавните претпријатија, раководителите на други државни органи или институции се во постојана предизборна активност при што е тешко да се разграничи што се државните, а што партиските активности што ги спроведуваат.

Во таа смисла, предвремениот почеток на политичката кампања и на овие избори е евидентен проблем, иако е тешко да се разграничи кога кампањата навистина почнува, бидејќи македонското општество со години е цел на континуирана агресивна партиско-владина пропагандна кампања.

Воедно, тешко беше да се одвои кампањата за претседателските кандидати од партиските кампањи за парламентарните избори, особено во случајот на владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ и тоа во двете насоки. Претседателскиот кандидат на ВМРО-ДПМНЕ водеше кампања во име на партијата, а самата партија ја промовираше својата предизборна програма паралелно со претседателската кампања, покривајќи ја неговата политичка „инсуфициенција" кај потенцијалните гласачи.

Иако во помал обем, и СДСМ водеше кампања во која на моменти претседателската беше тешко да се одвои од кампањата за парламентарни избори. И двете партии го прекршија законскиот рок со предвремено започнување на своите средби со граѓаните и други помали настани низ целата земја. И партиите ГРОМ и ДПА, кои излезгоа со свои претседателски кандидати, ја започнаа кампањата пред законски определениот рок.

Прекршување на демократската практика, но и на законската регулатива, во овој контекст, направи и ДУИ. Наводно незадоволни од неприфаќањето на концептот за „консензуален претседателски кандидат", ДУИ повика на бојкот на претседателските избори и организира серија настани низ земјата на кои го претстави својот концепт за повикување на бојкот, со тоа што не беше јасно дали воедно спроведува и кампања за предвремените парламентарни избори. Потоа, оваа кампања за време на изборите ќе прерасне во активно блокирање на правото на гласачите да излезат на првиот круг од претседателските избори.



# Кршење на изборниот молк


ИМА РАЗЛИКА!

## Во текот на целиот изборен процес, вклучително и на деновите на гласање, нескриено се кршеше изборниот молк насекаде во земјата





Најупадлива и отворена агитација вршеа партиските активисти на ВМРО-ДПМНЕ и тоа преку растурање пропаганден материјал, агитација од врата до врата, агитација пред избирачките места, на социјалните мрежи, како и поткуп на гласачите на деновите на гласање на 13 и 27 април.

Илустративен е случајот на пуштање писмо со поддршка на претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов до гласачите потпишано со името и позицијата на градоначалникот на скопската Општина Аеродром, Ивица Коневски, во време на изборен молк. Освен кршење на изборниот молк, ова претставува и злоупотреба на јавните ресурси, односно позицијата градоначалник, за партиски цели.

Во помал обем и со помал интензитет, набљудувачите на Цивил нотираа кршење на изборниот молк и од страна на партиските активисти на СДСМ, ДУИ, ДПА, ГРОМ и Народно движење на Македонија.



# Медиумска пристрасност и пропагандна неизбалансираност

Од самиот почеток во предизборието, медиумската застапеност на владејачката ВМРО-ДПМНЕ беше неспоредливо поголема од сите останати партии заедно. Кампањата на ВМРО-ДПМНЕ беше придружена со исклучително груб политички речник и дисквалификации на сметка на опозициската СДСМ, како и со агресивна националистичка реторика насочена против коалицискиот партнер ДУИ. Акцент на јавните настапи на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ беше ставен на повикот да се изгласаат 62 пратеника во Собранието „за да не може никој да ги уценува Македонците".

На врвот на сите закани по изборниот процес во земјата, стана очигледно дека етничките прашања повторно се доминантна тема, загрозувајќи ги и така кревките меѓуетнички односи, со реални можности за ескалација и влошување на состојбите долго време по завршување на изборниот процес.

И во медиумски контекст, злоупотребата на јавните ресурси (програмите на јавниот радиодифузен сервис, МРТ) беше евидентна уште пред официјалниот почеток на кампањата.

Неизбалансираноста и пристрасноста кон власта во извештаите на најголемиот дел од медиумите во државата и на овие избори ја обележаа изборната кампања. Тоа се должи и на финансиската моќ на владејачката партија и директната корист што ја имаат газдите на медиумите со поддршката на власта на изборите. Тоа е очигледно кога ќе се направи анализата на пласираните реклами од страна на партијата на власт (ВМРО-ДПМНЕ) во, на пример, печатените медиуми во Македонија.

Квантитативната анализа за објавени реклами во дневните весници во текот на целата изборна кампања за претседателските и парламентарните избори покажува фрапантни разлики во пропагандната моќ на власта и немоќта на опозицијата во етничкиот македонски дел од политичката сцена во државата[5]. Кога низ деновите на изборната кампања ќе се соберат сите

поединечни објави на цела (1/1) и на половина (1/2) страница за претседателските и пратеничките кандидати и објавените рекламни банери (коишто во голем дел беа печатени на првите страници од весниците), дистрибуцијата на реклами низ бројки изгледа вака:

| Обем: | **1/1** | **1/2** | банер |
|---|---|---|---|
| **УТРИНСКИ ВЕСНИК** | | | |
| ВМРО-ДПМНЕ | 63 | 18 | 24 |
| СДСМ | | 1 | |
| ГРОМ | 20 | | |
| **ДНЕВНИК** | | | |
| ВМРО-ДПМНЕ | 73 | 23 | 31 |
| ГРОМ | 10 | | |
| **ВЕСТ** | | | |
| ВМРО-ДПМНЕ | 59 | 17 | 18 |
| Коалиција Позитивна Македонија | | 3 | |
| ГРОМ | 12 | | |
| **ВЕЧЕР** | | | |
| ВМРО-ДПМНЕ | 61 | 23 | 26 |
| **СЛОБОДЕН ПЕЧАТ** | | | |
| СДСМ | 23 | | 24 |
| Коалиција Позитивна Македонија | 2 | 4 | |
| **НОВА МАКЕДОНИЈА** | | | |
| ВМРО-ДПМНЕ | 68 | 15 | 24 |
| Коалиција Позитивна Македонија | | 21 | |

[5] Беа анализирани објавите во шест дневни весници што се објавуваат на македонски јазик: „Утрински весник", „Нова Македонија", „Дневник", „Слободен печат", „Вест" и „Вечер". Во дневните весници на албански јазик „Коха" и „Лајме" за време на изборите не се објавени печатени реклами за кандидати кои се натпреварувале во изборната трка.

Табеларно, вкупните податоци изгледаат вака:

| ВКУПЕН БРОЈ НА ОБЈАВИ | **1/1** | **1/2** | банер |
|---|---|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | 324 | 96 | 123 |
| СДСМ | 23 | | 24 |
| ГРОМ | 42 | | |
| Коалиција Позитивна Македонија | 2 | 28 | |

Од овие податоци се гледа дека пропагандниот сооднос помеѓу двата главни конкуренти за освојување на власта во државата – коалициите предводени од ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ – е во сооднос 16:1[6], односно дека на секоја една објавена страна со партиска изборна реклама од опозицијата (и тоа само во дневникот „Слободен печат"), власта одговарила со дури 16 свои објави (во пет дневни весници)!

Ваква пропагандна диспропорција во дневниот печат не е забележана на ниту едни избори во последните 24 години од промовирањето на демократијата во Македонија.

Впрочем, во своите официјални финансиски изборни извештаи ВМРО-ДПМНЕ декларира дека во комбинираниот буџет за претседателските и парламентарните избори потрошиле близу 2 милиони евра за својата претседателска и парламентарна изборна кампања, додека кај СДСМ таа цифра изнесува отприлика 145 илјади евра, што е околу 13 пати помалку од пропагандистичките партиски буџети на ВМРО-ДПМНЕ. Секој дополнителен коментар се чини непотребен.

[6] Соодносот е пресметан на начин што на вкупниот број на цели објавени страници е додаден бројот на половина објавени страници поделен со два, кои се третирани како цели објави. Така, ВМРО-ДПМНЕ вкупно објавил 372 страници, наспроти 23 страници од СДСМ. Во однос на објавените банери, соодносот е речиси 5:1 во корист на ВМРО-ДПМНЕ.

# Предизборна кампања за претседателски избори

Официјалниот почеток на кампањата за претседателски избори го следи интензивирање на злоупотребата на јавните ресурси и медиуми за партиски цели. Цивил ја набљудуваше предизборната кампања во целата земја преку своите набљудувачи, но и преку работата на новинарите од редакцијата Цивил Медиа, формирана непосредно пред почетокот на кампањата. Голем број нерегуларности се констатираа уште на самиот почеток на кампањата.

Само во првата недела по официјалниот старт на кампањата, Цивил регистрира 72 предизборни настани во организација на ВМРО-ДПМНЕ (27), СДСМ (29), ГРОМ (9) и ДПА (7). На овие политички собири партиите ги промовираа своите претседателски кандидати, но не се воздржуваа од промоција и на самите партии и нивните предизборни платформи. ДУИ, пак, одржа 10 настани на кои повикуваа на бојкот на претседателските избори и ја промовираа својата партиска програма.

На речиси сите настани можеше да се забележи злоупотреба на јавните ресурси на централно и на локално ниво, особено од страна на владините коалициони партнери. И на овие избори Цивил ја нотираше практиката според која вработените во јавната администрација имаат обврска да агитираат и да собираат публика за зголемување на присуството на партиските собири.

Цивил ја алармираше јавноста за злоупотреба на деца и млади во кампањата, особено нивното ангажирање како публика, но и за агитација на социјалните мрежи.

Во извештаите на набљудувач(к)ите на Цивил се зборува и за правење списоци на сигурни гласачи, притисоци врз гласачите по телефон и на работното место, како и за голем број ветувања за вработување или други бенефиции, како земјоделски субвенции, социјална помош, градежни дозволи итн.

Во периодот од 20 март до 11 април Цивил открива и голем број фантомски гласачи во општините Кисела Вода и Центар во Скопје.

# Законитост во спроведувањето на изборите

Македонската јавност веќе одамна се навикна на изборна пракса која, во правна смисла, не изобилува со такви драстични злоупотреби или инциденти кои на очигледен начин би ја донеле во прашање законитоста на целиот изборен процес. Наместо тоа, за време на изборите масовно се прават „по ситни" прекршувања – особено од страна на власта – кои, навидум, не се од суштествена природа, а всушност во голема мера придонесуваат за нефер избори, односно битно неизедначени позиции на учесниците во натпреварувачкиот изборен процес.

Според објавените извештаи и заклучоци на домашните и на меѓународните асоцијации и организации, во текот на изборниот процес за време на редовните претседателски и на вонредните парламентарни избори беа утврдени низа правни пропусти. Повеќето од нив се повторуваат на неколку избори по ред, што говори за свесно толерирање на непочитувањето на Изборниот законик заради политичка корист на оние кои имаат моќ да влијаат врз организацијата на изборите.

Со години се провлекува и проблемот со евиденцијата на гласачите што предизвикува сериозни аномалии во Избирачкиот список, што негативно влијае остварувањето на избирачкото право. Во таа смисла Цивил ги констатира следниве проблеми:

- неусогласеноста на Изводите од Избирачкиот список за изборите што се спроведуваа истовремено – редовните претседателски и вонредните парламентарни избори;
- неусогласеност на *онлајн* верзијата на Избирачкиот список и Изводите од Избирачкиот список за одредени изборни единици, за некои општини и избирачки места;
- погрешна евиденција на починати лица и „фантомски гласачи" во Избирачкиот список, како граѓани кои имаат избирачко право.

На денот на изборите, и во првиот и во вториот круг на гласање, Цивил констатираше пропусти во работата на избирачките одбори кои најчесто се однесуваа на неправилна проверка и утврдување на личниот идентитет на гласачите, неправилна евиденција/забележување на гласачите во изводот од Избирачкиот список, неотстранување на партиски пропагандни материјали на местата на гласање, необезбедување на правилност и тајност на гласањето и необезбедување на слободно и мирно одржување на гласањето.

И на овие избори можеше да се посведочат низа пропусти во начинот на гласање, кои претставуваат повреда на принципот на еднакво избирачко право. Така, како и на повеќе минати избори, зачестени беа случаите на семејно и групно, наместо лично гласање, на јавно, наместо тајно гласање, мобилизација и агитирање меѓу гласачите, како и на случаи на употреба на закани, односно поткуп на гласачи.

Начините на водењето на политичката кампања имаа многу штетно дејство по изборниот процес. Општа констатација е дека изборите не беа фер и демократски. Власта и овој пат не се стеснуваше да прави масовни исплати од буџетски средства или од средствата од јавните фондови на државата за време на изборната кампања. Правните прекршувања на одредбите на Изборниот законик беа бројни и заради медиумското претставување на учесниците во изборната кампања за време на изборниот молк, како и со медиумското известување во функција на очигледна поддршка на одредена изборна кампања со што незаконски се влијаеше врз одлуката на избирачите. Беа забележани случаи на истакнување на плакати од партиските кампањи на гласачките места, како и уништување на изборни плакати или лепење свој пропаганден материјал врз плакатите на други учесници во изборната кампања.

На овие избори, со бројни случаи на грубо нарушување на редот и мирот на гласачки места и појава на неовластено присутни, па дури и вооружени лица во објектите и просториите каде што се изведуваше гласањето и во нивна близина, сериозно беше доведена во прашање улогата и работата на полицијата. Забележани беа случаи на игнорантски однос (отсуство на реакција) на полицијата по пријави за нарушување на редот и мирот на гласачките места, демолирање на партиски штабови, физички пресметки меѓу спротивставени партиски активисти, од една страна, како и тенденциозни интервенции од страна на полицијата, од друга страна.

Во контекст на правните прекршувања на изборната регулатива треба да се нотира и тоа дека децата и младите беа систематски злоупотребувани во текот на целата изборна кампања.

Партиите масовно ги испраќаа по градовите за да присуствуваат на партиски собири и конвенции и тоа во време предвидено за престој во училиште. На социјалните мрежи децата и младите се појавуваа накитени со партиски обележја. На партиските активности на теренот, децата и младите беа знаменосци. Ова особено беше забележливо во партиските настапи на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, додека малолетници со маици и други партиски обележја можеа да се забележат кај сите поголеми партии и тоа ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДПА и ДУИ.

На овие избори за првпат набљудувачите на Цивил забележаа уште една сериозна нерегуларност поврзана со политичката злоупотреба на деца, односно малолетници: на избирачкото место бр. 0337 во Гевгелија се забележани малолетници кои гласале.

За време на изборите, државните институции и јавната администрација, во голема мера, беа ставени во функција на власта, односно интересите на партиите на власт. Беше забележана изразена партиска активност на вработените во државната администрација во текот на целиот изборен процес, преку извршување на партиски обврски и задачи, како работни.

Бројните забелешки за нерегуларностите во текот на изборниот процес, доставени од страна на Цивил до Државната изборна комисија, беа третирани само како „необврзувачки“ информации. Истите воопшто не беа разгледани, ниту пак земени предвид при формирањето на оценката на ДИК за изборниот процес, ниту при одлучувањето на ДИК по доставените приговори (и тоа врз основа на увид во изборниот материјал и другите докази, согласно Изборниот законик), со што, и на овие избори, беше доведена во прашање правната заштита на избирачкото право.







# За време на изборите, државните институции и јавната администрација беа ставени во функција на власта





# Употреба на полицијата

Големото присуство на полицијата, некаде и со специјални единици и со оклопни возила пред избирачките места, упатува на тензичност, недостаток на демократска атмосфера и е вознемирувачко за гласачите. Посебно проблематично е присуството на вооружени полицајци на самите избирачки места. Оваа состојба предизвика тензии во текот на целиот изборен ден, особено на денот на гласањето на 27 април.

Според извештаите на нашите набљудувачи, како и други извори, зголемено присуство на полицијата се нотира во Струмица, Тетово, Битола, Бутел, Центар, Чаир, Аеродром и Арачиново. Вооружени полицајци внатре, во просториите каде што се наоѓаат избирачките места, се забележани во Штип, Демир Капија, Карпош, Аеродром, Чаир и Битола.

Во неколку случаи полицијата активно применуваше мерки врзани за изборните настани на денот на гласањето. Така, градоначалникот на Куманово, опозиционерот Зоран Дамјановски, и неколку активисти на СДСМ на 26 април беа приведени, односно повикани на информативен разговор во полициска станица, под образложение дека го кршат изборниот молк. Кандидатот за пратеник на Народно движење на Македонија Саше Ивановски на 12 април беше приведен во Свети Николе поради кршење на изборниот молк.

За тоа како полицијата беше употребена во партиски цели на владејачката партија говори и извештајот од Куманово, на 27 април, во 14:30 часот: „Партиски активисти и на ДПМНЕ и на СДСМ превезуваат гласачи до избирачките места. До пред 14 часот нема никакви проблеми, но сега полицијата почна да стопира и да врши контрола. Ги задржува возачите кои превезуваат луѓе за кои се претпоставува дека се гласачи на СДСМ, додека оние автомобили кои превезуваат гласачи на ВМРО-ДПМНЕ се пропуштаат."

# Партиски притисоци и поткуп на гласачи

На овие избори набљудувачите на Цивил забележаа низа примери и форми на притисоци врз гласачите од страна на партиите, особено на оние од редовите на коалицијата на власт.

На пример, во текот на предизборната кампања во општина Велес се бележеа низа случаи на притисоци врз гласачите. Меѓу останатото, забележани се случаи на укинување на месечен надоместок на припадници на социјалните категории, под изговор дека не доставиле документи на време – а, според сведоштвата од теренот, се работело претежно за лица кои се опозициски настроени или припаѓаат на категоријата неопределени гласачи. Во Велес беа нотирани и коруптивни практики поврзани со доделување на парични надоместоци за стечајните работници во таа општина, како и со субвенции за лозарите.

Речиси низ целата земја се вршеше поткуп на гласачи. Нашите набљудувачи известуваат за давање по 500 денари за глас на претседателските и 500 денари за глас на парламентарните избори од страна на членови на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е нотирано во Струмица, Свети Николе, Кочани, Кичево, Куманово, Битола и Шуто Оризари, но и во неколку други општини кои, поради опасноста за откривање на идентитетот на нашите извори и нивното стравување дека ќе се соочат со одмазда, тие општини нема да ги наведеме во оваа публикација. На многу места вака „стимулираните" гласачи биле и организирано превезувани до гласачките места.

Партиски активисти на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ и ДПА превезуваа гласачи со најразлични превозни средства, вклучувајќи го и случајот на еден „партиски" трактор. Возилата за оваа намена во Шуто Оризари беа обележани со партиски симболи на ВМРО-ДПМНЕ. Превоз на гласачи е нотиран и во општините Кичево, Ресен, Старо Нагоричане, Радовиш, Велес, Демир Капија, Гевгелија, Свети Николе, Кочани, Аеродром и Гази Баба. Во Аеродром и во Гази Баба се забележани колони од по 20 возила полни со гласачи.

Забележани се и случаи кога за „послушно" гласање не се давале пари на рака, туку биле давани материјални добра, но и ваучери за пазарење во локалните продавници, како во случајот со Свети Николе кога на поткупените гласачи им се овозможило, како компензација за поддршка на кандидатите на одредена партија, да испазарат продукти во вредност од 2.000 денари во маалската продавница.

Во текот на кампањата имаше и вработувања и ветувања за вработување. Набљудувачи на Цивил го истражија случајот со вработувањата во тетовски „Југохром" пред самите избори. Вработени во овој комбинат ни тврдеа дека се под голем притисок да гласаат за владејачката партија.

Се бележат и случаи во кои гласачите биле под различни видови принуда. Лични карти од гласачи биле прибирани од полиција или од партиски активисти на ВМРО-ДПМНЕ, со цел да се обезбеди сигурно гласање во општините Шуто Оризари, Кисела Вода, Битола и Струмица.




**Фотографија од „ваучер" на 500 денари, награда за гласање; доставено до набљудувач на Цивил**

# Гласање на затвореници

И во првиот и во вториот круг од изборите, осуденик во Прилепскиот затвор го нема на избирачкиот список и не може да го оствари своето право на глас. „И покрај тоа што надлежните зедоа обврска да ја исправат грешката, тоа сепак не беше направено. Се вадеа дека од нивна страна сѐ е сторено. Лани гласав во истражниот затвор, а оваа година, според сопругата, ме имало на избирачкиот список во местото каде што живеам“, вели нашиот извор од затворот.

Цивил констатира и недоследности при гласањето во Штипскиот затвор, каде што нашите информации велат дека на затворениците им е сугерирано за која политичка партија и за кој кандидат да гласаат. Затворениците биле поткупувани да гласаат за ВМРО-ДПМНЕ, а како награда добивале сапун, две обланди и по два брича. Тие биле поткупувани и со 100 грама кафе, сок и наполитанки.

Слични нерегуларности во текот на гласањето на затворениците се нотирани и во затворот во Шуто Оризари, Скопје.



# Избирачки список

Дилемите за опфатот и веродостојноста на Избирачкиот список во Македонија се долгогодишни, а годинава се заостри и јавната меѓу-институционална полемика за тоа кој е надлежен за изготвување на ажуриран список на гласачи во државата. Додека Министерството за внатрешни работи одговорноста за списокот во целост ја препушта на Државната изборна комисија, претседателот на Комисијата Никола Рилковски изјави дека ДИК има „врзани раце" кога е списокот во прашање, бидејќи тие не можат да направат никаква „дополнителна проверка" за валидноста на податоците добиени од надлежните институции во државата.

Навистина, во членот 41 од Изборниот законик се вели дека Избирачкиот список го води ДИК, но членот 43 пропишува дека МВР до ДИК доставува податоци за граѓаните кои имаат над 18 години и имаат важечка лична карта, како и за лица кои починале, за оние кои се доселиле или се отселиле во/од одредена општина, кои го промениле името или презимето, кои стекнале или изгубиле државјанство, за оние кои се на привремена работа или престој во странство итн. Ваквиот голем број на случаи за кои е надлежно МВР остава дилема за веродостојноста на податоците со кои располага, а не може да ги контролира ДИК. Следствено, и на овие избори Цивил регистрира сериозни проблеми со избирачката евиденција во сите општини во Република Македонија во двата круга на изборите. Оваа системска аномалија повторно фрли сериозна сенка на изборниот процес во целина.

Проблемите се манифестираа на различни начини. На пример, голем е бројот на случаи кога гласачи можеле да гласаат за парламентарни, а ги немало на списокот за претседателски избори и обратно.

Во бројни извештаи од набљудувачите на Цивил се говори за гласачи кои не се нашле на Избирачкиот список. Еден дел од нив јавуваат дека се нашле на *онлајн* верзијата на Избирачкиот список, но не биле таму кога отишле да гласаат во избирачкото место. Нотирани се и случаи каде гласачи кои гласале за парламентарни избори во една општина ги насочуваат да гласаат за претседателски во друга општина.

# Фантомски гласачи

Избирачкиот список во Македонија има една ретка специјалност: располага со гласачи кои се заведени во него, иако во реалноста не постојат. Тие гласачи Цивил ги нарекува фантомски. Само врз основа на двонеделното истражување на Цивил, засновано врз извештаите од сопствените набљудувачи на терен, од пријавите од граѓаните и од работата на новинарската екипа на Цивил, може да се констатира постоење на неколку илјади случаи на фантомски гласачи кои немаат физичко живеалиште, но имаат лични карти на адреси во Скопје, односно фигурираат во Избирачкиот список. Дел од овие гласачи се лица со македонско етничко потекло од с. Пустец, во Албанија, а дел доаѓаат од други општини низ Македонија.

Демографската „интервенција" во македонските избори за првпат беше обелоденета и документирана од страна на Цивил и некои независни медиуми на локалните избори во 2013 г. Тогаш највидливата манифестација на оваа груба манипулација се случи во текот на гласањето во скопската општина Центар. Истиот „феномен" беше регистриран и на двојните избори оваа година. До денешен ден не се познати во целост начините на кои жители на Пустец, Албанија, успеваат да се најдат во Избирачкиот список во Македонија, но нивното присуство е евидентно и има свој удел во изборниот процес во земјава. Наспроти укажувањата од Цивил и од независните медиуми, како и од коалициониот партнер во Владата, ДУИ, до денес правна акција за расчистување на овие случаи не е спроведена.

Годинава, според извори на Цивил, гласачите од Пустец прво гласале ден претходно во Тирана, Албанија, во својство на припадници на дијаспората, а наредниот ден ја поминале границата со Македонија за, со обезбеден превоз и со партиска координација, да гласаат во Струга, Ресен, Битола, Кичево и Скопје.

Според извештајот на набљудувач на Цивил, на избирачкото место бр. 1642 во Ресен се појавиле четворица гласачи од Пустец. Во нивните лични карти стоело дека тие живеат на ресенската улица „Борис Кидрич" бб. Улицата постои, но бројот на живеалиштето е непознат. Според извештајот на

набљудувачот на Цивил во Ресен, повеќето фантомски гласачи биле запишани токму на тој начин, само со име на улица, но не и со бројот на живеалиштето на таа улица.

Нашите набљудувачи во Кичево забележаа гласање на лица од Пустец кои на денот на парламентарното гласање во 13 часот со автобус биле донесени во близина на избирачкото место бр. 0279, а потоа со автомобили се разнесувани да гласаат на различни локации низ општината. И градоначалникот на Кичево, Фатмир Дехари, во видео изјава за Цивил посведочи за гласање на лица од Пустец во неговата општина.

Во избирачкото место бр. 2849 во Општина Центар се појавил гласач од Пустец за да гласа со веќе обоени палци на двете раце. Било реагирано од страна на Избирачкиот одбор, а гласачот со бегање го напуштил местото.

Гласач од Пустец со веќе обележани палци се обидел да гласа и во скопската општина Кисела Вода (на избирачкото место бр. 2849), а гласачи од Пустец се забележани и во ОУ „Браќа Миладиновци" во скопската општина Аеродром, како и на повеќе избирачки места во општина Бутел. До таму се довезувани и разнесувани со комбиња со регистерски таблички од Албанија, за што постои и фото -документација.



Ул. Михаил Чаков, бр 7, Кисела Вода

Според еден набљудувач на Цивил, на 26 април (сабота), ден пред гласањето, пред Полициската станица бр. 1 (попозната како ПС „Беко") во Општина Центар во Скопје им се делеле лични карти на лица за кои се претпоставува дека се од албанското село Пустец.

Останува непознаница колку точно од овие „фантоми" гласале во текот на изборниот процес, но нивната бројка се движи во стотици и илјадници луѓе, а со внимателно планирање

и распоредување на нивните „додадени" гласови по избирачки места и изборни единици тие сериозно можат да влијаат врз конечните изборни резултати. Да спомнеме дека оваа изборна девијација е барем делумно овозможена и од многуте случаи, нотирани од набљудувачите на Цивил за проблеми со маркерот кој се брише веднаш по обележувањето кај дел од гласачите. Овој проблем беше забележан во сите општини низ цела Македонија.

За тоа дека се работи за мноштво „фантомски" случаи на „измислени" гласачи, овде ќе наведеме десетина карактеристични примери...

На скопската улица „Петар Дељан" во општината Кисела Вода се откри дека во згради со по два влеза и по 17 стана во секој од влезовите (значи, вкупно 34 живеалишта во секоја зграда), според Избирачкиот список, постојат повеќе „додадени" влезови и станови: во секој влез има по 25 стана, а секоја зграда, наместо два, има повеќе влезови. Така, зградата бр. 11 на наведената улица според Избирачкиот список има дури девет влеза, иако теренската проверка на Цивил констатира постоење на само на два влеза во зградата. Слична е состојбата и со зградите број 1 и 7. Иако зграда бр. 10 на улица „Петар Дељан" воопшто не постои, во Избирачкиот список се води како постоечка, со мноштво „станари-гласачи" во неа.

И зградата на скопската улица „Михаил Чаков" број 7 во општина Кисела Вода реално има само три влеза, додека во Избирачкиот список се заведени шест! Според информациите до кои дојдоа набљудувачите и новинарите на Цивил, на таа улица се откриени 15 лица кои се регистрирани во Избирачкиот список, иако адресите на нивните живеалишта не постојат.



**„Инструкции" за гласање**

Понатаму, на скопската улица „Пушкинова“ бр. 2, во еден од становите живее едно семејство, но на нивната адреса во Избирачкиот список се запишани и четири членови на извесно семејство Панчевски кои никогаш не живееле на таа адреса. „Не знаеме како ова семејство се случи да биде регистрирано на адресата на нашиот стан. Пријавивме секаде, но ништо не се случи“, изјави станарот од „Пушкинова“, на чија адреса се запишани уште четворица гласачи.

Цивил наиде на слична ситуацијата во уште еден стан од истата зграда („Пушкинова“ бр. 2). Таму живее четиричлено семејство, а во Избирачкиот список се седуммина. Додадено е извесно семејство Петрушевски. „Не знаеме кои се тие луѓе. Дојде еднаш и полиција, проверуваше, им кажавме дека во станот не живеат тие лица“, изјави станарот од улицата „Пушкинова“.

Зградата бр. 2 на истата улица има два влеза, додека во Избирачкиот список стои дека таа зграда има 3 влеза. Во третиот, непостоечки влез, во Избирачкиот список се запишани трисетина гласачи. Според извори од теренот, дел од нив се со странски имиња и презимиња.

Вакви и слични случаи се регистрирани и во општина Центар, на улиците „Аминта Трети“, „Мирослав Крлежа“, „Орце Николов“, „Френклин Рузвелт“, „Црвена Вода“, „Димитрие Чуповски“ (некогашна „Вељко Влаховиќ“), „Максим Горки“, „Никола Тримпаре“, „Киро Крстевски–Платник“, „Коле Неделковски“, „Петар Попарсов“, „Стале Попов“, „Светиниколска“, „Васил Ѓоргов“, како и булеварите „Илинден“, „ВМРО“ и „Страшо Пинџур“. Од вака големиот број на откриени фантомски гласачи во општина Центар – и којзнае уште колку неоткриени – се добива впечаток дека во оваа скопска општина некој како да се вежбал за фалсификат-гласање уште на минатите локални избори.



Пустец во општина Бутел

Така, на пример, на улица „Васил Ѓоргов“ бр. 24, во станот бр. 27, според Избирачкиот список, живеат десетици лица, сите со право на глас! Од увидот на Цивил на самото место,

уште од влезната врата, која речиси беше урната, веднаш можеше да се забележи дека во станот не живее никој. Запрашани од наша страна, соседите ни посведочија дека „тука веќе 20 години не живее никој“.

На улица „Народен фронт“ во населбата Капиштец во општина Центар, од левата страна на улицата се наоѓаат станбени повеќекатници со непарен број, додека на десната страна од улицата нема станбени, туку неколку угостителски објекти, авто-пералници и една монтажна паркинг-гаража. Според извештаите од набљудувачите на Цивил и пријавите од граѓани, во Избирачкиот список таму има станбени згради и на десната страна од улицата.

На улицата „Киро Крстевски – Платник“ бр. 11 се пријавени дека живеат над 20 лица, сите со право на глас. Кога Цивил ја посети оваа адреса, вратата ни ја отвори средовечен човек, кој изјави дека е запознаен дека во неговиот стан се пријавени триесетина лица, но дека случајот не го пријавил.[7]

Фантомски гласачи беа откриени и во општина Аеродром. Зградите на улица „АСНОМ“ бр. 3, 5 и 7 (избирачко место бр. 2708), улица „Владимир Комаров“ бр. 81 (избирачко место бр. 2686) и на улица „Коста Новаковиќ“ бр. 21 и 51 (избирачки места бр. 2687 и 2688) – во реалноста не постојат. На адреса на булеварот „Јане Сандански“ бр. 60/2/18, општина Аеродром, лицето М.Ч. е заведено во Избирачкиот список на избирачкото место бр. 2754, иако станот бр. 18 на таа адреса не постои.

За постоење на фантомски гласачи во Избирачкиот список пред одржувањето на првиот круг на гласањето за претседател се јавува и од општините Охрид, Ресен, Кичево, Битола и Куманово. На пример, набљудувач на Цивил во Битола пријави дека едно лице гласало со лична карта со адреса на живеење на улица „Мирче Ацев“ бр. 31-А, иако по проверката на терен се утврди дека на таа улица и под тој број не живее никој.

Набљудувачите на Цивил регистрираа и случаи во кои одредени гласачи не можеле да го остварат своето гласачко право, бидејќи на нивното место во списокот на гласање некој веќе се потпишал како гласач. Такви се случаите во Куманово (избирачко место бр. 1000/1), во скопската Општина Гази Баба (избирачко место бр. 2505) и низа други гласачки места.

---

[7] Цивил објави видео снимки со дел од овие сведоштва на својот сајт www.civil.org.mk.

Дури и членови на избирачките одбори се соочиле со гласачи кои имале лични карти со адреса на живеење идентична на нивните. Таков случај е забележан во Битола кај двајца гласачи со адреса на улица „Втори Август" бр. 31 – идентична на адресата на еден член од Избирачкиот одбор на избирачкото место бр. 0060. Истото се случило и во Прилеп, каде извесен гласач имал адреса што се совпаѓала со онаа на член на Избирачкиот одбор на избирачкото место бр. 1414. Без оглед на направените забелешки, на лицето сепак му било дозволено да гласа.



# Незаконско однесување на членови на избирачките одбори

Во македонската изборна практика стана речиси вообичаено искуство читањето на глас на името при идентификација на гласачот, што е забрането со закон.

Во село Студеничани, пак, на лицата кои биле пријавени дека се болни, на денот кога гласаа болни и изнемоштени лица членовите на избирачката комисија на гласачите им noселе само листа за парламентарни избори. Кога некои од гласачите барале да гласаат и за претседателските кандидати, членовите на Избирачкиот одбор им одговарале дека тие избори не се битни.

Во село Опае на еден гласач му било кажано од страна на член на Избирачкиот одбор дека ќе зажали зашто гласал и за претседателски кандидат, покрај убедувањата да не го прави тоа.

Во село Нераште воопшто не се користел фломастерот за обележување на оние кои го искористиле своето гласачко право.

На избирачкото место бр. 2146 во Велес, по интервенција на претседателката на Избирачкиот одбор, сите членови на Избирачкиот одбор го потпишале записникот пред завршување на броењето.

Во извештаите на набљудувачите од сите општини во земјата се нотира дека членовите на Избирачките одбори многу често се под очигледен партиски диктат, се однесуваат пристрасно, но и крајно непрофесионално. Недоволното познавање на процедурите, стандардите и законите се честа појава, без оглед на тоа дали и колку членовите на Избирачките одбори се под партиска контрола, што дополнително влијае на квалитетот на спроведувањето на изборниот процес.

## Јавно гласање

Незаконска практика на јавно гласање набљудувачите на Цивил ја забележаа во Битола, на избирачкото место бр. 0120/1, во општина Ѓорче Петров на избирачките места бр. 2570 и бр. 2568, во село Студеничани, на избирачкото место бр. 2341, како и во Кичево, на избирачкото место бр. 0279 (во селото Лисичани).

Во село Црешево, општина Гази Баба, цели списоци и гласачки ливчиња биле извадени од избирачкото место и однесени во возило пред гласачкото место. Возачот на возилото самиот ги заокружувал гласачките ливчиња. Потоа листата се враќала назад, во просториите на избирачкото место.

Во Студеничани е нотирано дека параваните за гласање се завртени кон ѕидот, така што од влезната врата можело да се види кој како гласа.

## Семејно и групно гласање

Семејно и групно гласање, како и злоупотреба на законски предвидената асистенција при гласањето, се нотираа во 37 избирачки места и тоа во општините: Арачиново, Битола, Велес, Гевгелија, Градско, Демир Капија, Демир Хисар, Карпош, Кисела Вода, Кичево, Кочани, Куманово, Прилеп, Пробиштип, Ранковце, Ресен, Свети Николе, Старо Нагоричане, Студеничани, Чаир, Штип и Шуто Оризари.

Еден гласач во Студеничани на избирачкото место бр. 2346 извадил 7 лични карти, по што од Избирачкиот одбор му биле дадени 7 гласачки ливчиња, а тој непречено гласал на сите добиени ливчиња.

Во Радовиш, со дозвола од Избирачкиот одбор, едно лице гласало за најмалку 30 граѓани кои се пријавиле дека се неписмени.


PETARDI

# Одговорот на институциите

На бројните пропусти во организацијата и изведбата на изборите, како и на многуте случаи на кршење на Изборниот и други закони за време на спроведувањето на претседателските и вонредните парламентарни избори во 2014 г., на кои јавно и аргументирано укажуваше Цивил, државните органи и ВМРО-ДПМНЕ, партијата на власт, одговорија со груби и политички мотивирани напади против Цивил и со лични дисквалификации и говор на омраза насочени против претседателот на Цивил Џабир Дерала.

Други (релевантни) одговори немаше. Институциите кои беа повикани да одговорат на сериозните сомнежи за недостатоци и нерегуларности во изборниот процес главно го негираа нивното постоење, одговорноста ја префрлаа меѓусебно или причините за проблемите ги припишуваа на други времиња и други раководни гарнитури.

Така, МВР во повеќе наврати ја префрли одговорноста кај Државната изборна комисија, но во една прилика ја смести одговорноста и во друго време, посочувајќи ги за одговорни законските решенија донесени во време на владеењето на СДСМ, пред повеќе од осум години, односно кај претходните раководства на МВР, секако, во времето на СДСМ. Притоа, МВР, иако призна постоење на 54 фантомски гласачи во Кисела Вода, го нападна Цивил со остар и дискредитирачки вокабулар, тврдејќи дека организацијата ја манипулира јавноста.

Центарот за комуникации на ВМРО-ДПМНЕ на официјалната веб страница на партијата во повеќе наврати се обиде да го дискредитира Цивил и неговото раководство и да го опише како „соросоидна" организација која работи во полза на опозицијата.

Порталот „Курир", како и неколку други по уредувачката политика слични на него, познати по својата безрезервна лојалност кон владејачката ВМРО-ДПМНЕ, континуирано се обидуваа да го дискредитираат Цивил со употреба на говор на омраза и клеветење. Добра илустрација за оваа валкана пропаганда е написот објавен напладне, на самиот ден на гласањето во вториот круг на претседателските, односно вонредните парламентарни избори, во кој претседателот на Цивил, Џабир Дерала, во „предавнички" контекст се квалификува како „Албанец", „соросоид", „заштитник на правата на Албанците", „заштитник на правата на хомосексуалците" и како „ударна тупаница на СДСМ".[8]

[8] http://kurir.mk/makedonija/vesti/156094-Koja-e-nevladinata-Civil

# Насилство

Насилството на овие избори повеќе беше присутно како латентна закана во текот на целиот изборен процес, иако во неколку наврати се регистрираа и случаи на примена на насилство во најдиректна физичка форма.

На пример, таков е случајот на нападот од страна на еден од предводниците на партија која е коалиционен партнер во Владата, Амди Бајрам, врз потпретседателката на опозициската СДСМ Радмила Шеќеринска, на првиот изборен круг на 13 април, во просториите на едно избирачко место во ОУ „Браќа Рамиз Хамид“ во скопската општина Шуто Оризари.

Забележан е и физички напад од страна на активисти на ВМРО-ДПМНЕ врз активистите во придружба на претседателскиот кандидат Стево Пендаровски, во текот на изборната кампања меѓу двата круга, на 16 април на ул. „Ѓорѓи Капчев“, во населба Лисиче, во скопската општина Аеродром.

Во текот на изборниот процес и на самите денови на гласање се регистрираа десетина тепачки и помали физички пресметки или кошкања меѓу партиски активисти во Пласница, Струмица, Куманово, Љубанци, с. Брњарци, Радишани и Гази Баба.

Како особено симптоматичен инцидент треба да се спомене тепачката во Радишани на 13 април. Таму, активисти на ВМРО-ДПМНЕ физички нападна едно семејство етнички Албанци во очигледен случај на насилство од етничка омраза. Во овој инцидент полицијата не реагираше навремено, а институциите останаа неми.



# Притисоци врз набљудувачите на Цивил

За време на овие избори, нотиравме вкупно 21 случај на попречување на набљудувачите на Цивил во изборните денови на 13 и 27 април.

Попречувањето вклучуваше недозволување присуство на набљудувачите на на Цивил на избирачкото место, незаконско легитимирање, дезинформирање, мешање во работата, како и закани и навреди. Во еден од случаите кога наши набљудувачи биле вербално нападнати, се искажале и навреди на етничка основа.

Во повеќе случаи, нашите набљудувачи биле бескрајно испрашувани од страна на членови на Избирачките комисии или од набљудувачи и активисти на владејачките партии, за потоа да бидат третирани со потценување. Во голем дел од случаите на попречување, членовите на избирачките комисии, а во три случаи и полициски службеници, барале дополнителна документација од нашите набљудувачи, спротивно на Кодексот на набљудување. Откако Кодексот бил цитиран, тие најчесто се повлекувале.

Во два случаи, кога нашите набљудувачи беа отстранети од гласачкото место под неодржливи изговори, тие беа враќани по телефонска интервенција на Цивил во ДИК. Немаме информации што се случувало во времето кога нашите набљудувачи не биле на гласачкото место на кое беа распоредени.

Во два одделни случаи, во општините Шуто Оризари и Струмица имаше и обиди за физички напад врз нашите набљудувачи. Обидите за физички напад врз нашите набљудувачи имаше.

Особено индикативен е случајот во Струмица. Група гневни активисти на владејачката партија нападнале вербално и се заканиле со физички напад на две набљудувачки на Цивил. Иако побарале полициска заштита, таа им била одбиена. Нашата екипа се извлекла благодарение на неколку добронамерни граѓани минувачи кои се затекнале на местото на инцидентот.

Иако Цивил реагираше во писмена форма, како и јавно, пред медиумите, ДИК не се произнесе ниту по претставката на Цивил за попречување на своите легално регистрирани и акредитирани набљудувачи.

# Цивил и ДИК

Државната изборна комисија (ДИК) нема да ги разгледа нерегуларностите и забелешките кои ги испрати невладината организација Цивил на денот на изборите. Комисијата забелешките од Цивил ги смета за информации и не може ништо да одлучува по нив. Ова го изјави претседателот на ДИК Никола Рилковски, на една од конференциите за печат на ДИК.

“Од невладината организација Цивил добивме голем број забелешки, но тоа за нас е доставување материјал од информативен карактер. Тоа не се податоци за кои ние конкретно ќе одлучуваме. Ние само ќе одлучуваме за тоа што ќе го добиеме како официјален податок од приговорите”, изјави Рилковски.

Потпретседателот на ДИК Субхи Јакупи, за Цивил Медиа изјави дека организацијата Цивил не е активен субјект во изборите и дека само политичките партии можат да ги користат забелешките на кои укажува Цивил.

“Вие не сте активни на изборите, иако имате набљудувачи. Вашите извештаи не се обврзувачки за ние да реагираме, тие се само информации. Не е наша обврска да реагираме. Политичките партии во рок од 48 часа може да ги земат вашите забелешки како информации и да реагираат”, изјави Јакупи.

Цивил до ДИК поднесе претставка која содржеше 247 случаи на нерегуларности на денот на гласањето на 27 април. Две забелешки и извештај за нерегуларности беа поднесени до ДИК и во текот на предизборната кампања, односно еден ден по денот на гласањето во првиот круг на изборите.



# Постизборно набљудување

Страв, затворање на единствените извори за егзистенција на неистомислениците и инспекции на секој чекор можеа да се забележат во голем број општини во постизборниот период. Мобилниот тим на Цивил посети 15 општини низ земјата во кои одржа состаноци со набљудувачите од сите краишта на земјата. Нашите набљудувачи посведочија за бројни човечки судбини, а Мобилниот тим разговараше со луѓе соочени со стравот за нивната егзистенција затоа што мислеле поинаку или на изборите не постапиле онака како што им било наложено од власта.

Една од таквите судбини е онаа на семејството С.Ј. од општина во југоисточна Македонија, кое буквално остана без средства за егзистенција точно еден ден по изборите. Единствениот приход на четиричленото семејство била маалската продавничка во градот, која им носела приход од кој едвај можеле да преживеат. Зборувајќи анонимно, со оглед на околностите, ова семејство реши да ни го раскаже нивното патешествие, предизвикано од една единствена причина – не биле членови на владејачката партија. Веќе утредента, по завршувањето на изборите на 27 април, истакнат член на ВМРО-ДПМНЕ од општината дошол во посета на семејството.

„Мал е градот, се знаеме сите. Сите знаат дека не сме членови на ВМРО-ДПМНЕ и секогаш сме бил 'трн во око'. Човекот влезе во нашата продавничка и ни се обрати со зборовите: 'Вашата поврзаност со СДСМ не ви е паметна. Попаметно ќе ви биде сега да го затворите дуќанот'", раскажува С.Ј. Шок и неверување настанало во семејството, чија локална продавничка работела повеќе од една деценија.

„Не знаевме што да правиме. Притисоци сме имале и порано, но она што сега го слушнавме беше запрепастувачки. Свесни сме дека утредента на врата ќе нѐ чекаше инспекција, а уште појасно дека ако сакаат да ти најдат нешто – ќе ти најдат. Му реков на маж ми, повеќе од ова не можат да ни наштетат, стави клуч на врата. Решивме да се откажеме од единственото нешто што ни носеше приход во куќата. Ете сме сега, без ништо. Се надевам дека сега се среќни и дека повеќе нема да им пречиме", раскажува сопругата со солзи во очите.

Членовите на мобилниот тим на Цивил во своите извештаи ја опишаа оваа и многу други средби со граѓаните низ Македонија со изразот „владеење на стравот".

Случајот кој овде го наведуваме е илустрација за десетици случаи за кои Мобилниот тим дојде до изјави и податоци во кратката турнеја низ земјата.

Можеби звучи чудно човек да се откаже од егзистенцијата само поради една закана, но од она што на терен го виде екипата на Цивил, во помалите градови во земјава ваквата пост-изборна атмосфера станува „нормална" појава. „Подобро да го затворам дуќанот отколку да трпам закани по моите деца или да се соочувам со инспекции и притисоци секој ден", им потенцирала С.Ј. на членовите на Мобилниот тим на Цивил при разделбата.

На вакви и слични случаи на постизборни притисоци и закани Мобилните тимови на Цивил наидоа и во постизборното набљудување во Штип, Струмица, Кавадарци, Прилеп, Битола, Ресен, Охрид, Гевгелија, Струга, Кичево, Тетово, Гостивар, Брвеница, Кочани и Неготино. Веднаш по завршувањето на изборите, комуналните и државните инспекции од власта се пуштени во „казнен" политички поход по аптеките, по маалските продавници, низ берберниците и другите мали бизниси во и така осиромашените средини. Помалите бизниси, велат граѓаните, се први на удар во постизборниот период.

Меѓу народот постои впечаток дека дури и исклучувањето на струјата веднаш по изборите е селективно, јавуваат набљудувачите на Цивил врз основа на сведоштва од граѓани. „Ако не си со нив, ќе немаш струја. Ако си со нив, ќе ти прогледаат низ прсти", велат нашите извори.

На сите средби со граѓаните, набљудувачите на Цивил констатираа состојби кои упатуваат на продолжен притисок врз граѓаните и широко распространет страв. Во голем број случаи, луѓето се плашат да проговорат, а ако тоа и решат да го сторат, внимаваат на изборот на местото и времето за состанок, молат да не им биде оддаден идентитетот во страв од, како што велат, одмазда.

Се забележува и реваншизам кон оние кои не гласале или, пак, кон тие кои не им помогнале на партиите од владеачката коалиција за време на изборите. Забележано е зголемување на постизборни партиски вработувања, вклучувајќи ги и оние во приватните фирми, кои се под притисок од владејачките партии.

По изборите, особено во помалите средини, пропагандната машинерија на власта на широко го промовира ставот дека ВМРО-ДПМНЕ е непобедлива. Тоа е придружено со повици кон граѓаните да ѝ се приклучат на владејачката партија и да земат нејзини членски книшки. Доколку не го

направат тоа, на граѓаните им се упатуваат закани дека ќе ги изгубат своите работни места или други законски бенефиции кои им следуваат по закон.

Во неделите по завршувањето на изборите, многумина земјоделци беа во очекување на исплата на субвенции, кои им биле ветени пред изборите. Меѓу земјоделците се чувствува нервоза затоа што сѐ уште нема сигнал дека тоа ќе се случи.

Голем број волонтери во јавната администрација се надеваат дека ќе добијат решенија за трајно вработување. Само дел од нив ќе бидат примени на работа, односно тие кои докрај ги спровеле активностите по налог на партиите, вклучувајќи ги и списоците со „сигурни гласачи" во текот на изборниот процес.



**Тимовите на Цивил – Центар за слобода, волонтерите и активистите, колешките и колегите од низа други невладини организации од целата земја, како и голем број граѓан(к)и, дадоа свој личен и професионален придонес кон проектот Слободни избори 2014. По цена на многу откажувања и ризици, наша главна цел беа фактите и вистината.**

**Огромна е потребата од демократски, слободни и ненасилни избори за да се обезбеди владеење на правото и почитување на човековите права и слободи.**

**Овој проект остави сведоштво за едно турбулентно време и длабока политичка криза во поновата историја на Република Македонија.**

# Имплементација, методологија и поддршка на проектот Слободни избори 2014

Проектот „Слободни избори 2014“ обезбеди долгорочен мониторинг и анализа на политичката ситуација и општествените процеси во контекст на изборите. Различните тимови на Цивил прибраа обемен информативен материјал со секојдневното набљудување на состојбите низ целата земја. Овој материјал, систематизиран и подложен на сеопфатна и длабинска анализа, претставува сведоштво за состојбите во Република Македонија и документ кој може да послужи како основа за понатамошни истражувања, но и како водич кон позитивни промени во општеството и државата.

Набљудувањето, медиумската работа и анализите на Цивил обезбедија непартиска, објективна и неутрална информација за изборниот процес и сродните политички процеси и настани во периодот од ноември 2013 до крајот на мај 2014 г.

Подолго време пред почетокот на проектот, Цивил формира екипа од долгорочни набљудувачи кои работеа на волонтерска основа до почетокот на проектот. По почетокот на проектот, пак, тимот на долгорочни набљудувачи се зголеми, а се формира и тим на краткорочни набљудувачи. Воедно, се формираа и Мобилните тимови за набљудување и поддршка чија улога, меѓу другото, беше да ги проверуваат фактите презентирани од набљудувачите и да им пружат поддршка на набљудувачите кои беа под притисок, како и да ги посетат подрачјата во кои имаше зголемен број изборни нерегуларности.

Набљудувачите беа од цела Македонија, но се избегнуваше тие да бидат набљудувачи во своите општини, туку беа распоредувани во други делови од земјата.

Овде ќе изнесеме краток опис на методологијата која, секако, содржи многу повеќе детали, а која е изградена врз основа на искуството на Цивил со истражувачките проекти и набљудувањето на изборните процеси во текот на изминатите години. Проектот се спроведе низ три компоненти:

**1. НАБЉУДУВАЊЕ И АНАЛИЗА** Самиот процес на набљудување вклучуваше елементи на истражувачка работа, индивидуализирани и групни интервјуа, комуникација со засегнати

страни и низа други постапки кои овозможуваат целосен увид во состојбите и поединечните случаи кои беа откриени. Обврска на секој набљудувач беше да достави најмалку два извештаи во текот на неделата во периодот на предизборната кампања, додека во деновите на гласање тие имаа обврска да доставуваат извештај на секои два часа или почесто до аналитичкиот тим на Цивил. Извештаите беа доставувани во форма на пополнети формулари во електронска или пишана форма, како и телефонски во 24-часовна динамика.

Цивил ја дизајнира и веб страница Слободни избори за пријавување на изборни нерегуларности на македонски, албански и англиски јазик[1], достапна за сите граѓани. Пријавите од граѓаните ги верификуваа Мобилните тимови за набљудување и поддршка на Цивил.

**2. ПРОДУКЦИЈА НА ИНФОРМАТИВНИ СОДРЖИНИ** Паралелно со формирањето на овие структури кои имаа задача да набљудуваат и редовно да ги доставуваат своите наоди, Цивил формира и новинарска редакција во рамките на организационата единица Цивил Медиа. Овој тим составен од професионални новинари секојдневно ја следеше работата на набљудувачките тимови и правеше избор од содржините кои се доставуваа до аналитичкиот тим на Цивил.

Новинарите одеа по трагите на информативниот материјал од набљудувачите на Цивил и спроведуваа новинарски истражувања независно од работата на набљудувачките тимови. Исто така, новинарите на редакцијата на Цивил Медиа направија бројни видео интервјуа со експерти, а им понудија подеднаков простор и на политичките претставници кои учествуваа во изборната трка. Дополнително, редакацијата објави и низа други прилози, анализи и коментари во контекст на изборниот процес.

Сите содржини беа објавени на редизајнираната веб страница на Цивил (www.civil.org.mk) како и на другите *онлајн* канали на организацијата (под услови на Creative Commons 4.0 лиценцата) и беа бесплатно и целосно достапни за преобјавување од сите други медиуми. Во таа смисла, имаше преку 500 преземања на содржините објавени од Цивил во сите медиуми во земјата, но и во странство.

**3. ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА И ЈАКНЕЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ** Посебен тим за односи со јавноста беше формиран со задача да организира прес-конференции и брифинзи за медиумите и да ги промовира активностите и онлајн продукцијата на Цивил, со што даде голем придонес кон јакнење на јавната свест за изборната култура.

[1] www.slobodniizbori.info, www.zgjedhjetelira.info, www.freeelections.info

Тимот за односи со јавноста на Цивил за три месеци организираше над дваесет прес-конференции и одржа околу 100 поединечни брифинзи. Воедно, Цивил отвори прес-центар во ГЕМ Клуб во Скопје. Прес центарот беше отворен по 17 часа на деновите на гласањето, а медиумските настапи беа достапни во живо преку видео стриминг кој го обезбеди екипата на Радио МОФ.

**ИНОВАЦИЈА** Овие три проектни компоненти и тимовите беа одвоени и со посебни цели и задачи, но функционираа со максимална координација и меѓусебна поддршка. Ваквиот пристап на Цивил е своевидна иновација во спроведувањето проекти од овој вид и на активностите им се даде нов квалитет, максимална видливост и транспарентност, како и мобилност, брзина, точност и веродостојност.

**ПОДДРШКА** Проектот „Слободни избори 2014" го поддржаа: Амбасадата на САД во Скопје, Швајцарската агенција за развој и соработка, Германската амбасада во Скопје и Фондацијата Отворено општество Македонија, како и германската организација Форум ЗФД, со донации во вкупна вредност од 57,811 евра.

Во текот на спроведувањето на проектот, а особено во деновите на гласањето, драгоцена беше експертската поддршка од Хелсиншки комитет за човекови права на РМ, особено на извршната директорка на организацијата, Уранија Пировска.

Голема и значајна поддршка на овој проект дадоа и голем број граѓани и организации на граѓанското општество кои на тимовите на Цивил им помогнаа со информации, логистика и морална поддршка за да истраат во нивните напори.

**ПРИДОНЕС** Цивил – Центар за слобода со проектот „Слободни избори 2014" се потруди да придонесе кон демократски, слободни и ненасилни избори, како и кон владеењето на правото и почитувањето на човековите права и слободи.

Овој проект остави сведоштво за едно турбулентно време и длабока политичка криза во поновата историја на Република Македонија.

# Влијание на Цивил во интернет просторот

Веб-страницата на Цивил е надградена со најнов софтвер и додатоци кои го збогатија корисничкото искуство. Извршени се низа модификации, оптимизации и редизајн, се прилагодува на сите електронски уреди (десктоп компјутери, лаптопи, таблети, паметни телефони) со што се погриживме за гарантирано испорачување на содржините без разлика од каде пристапуваат посетителите - во движење, од автобус, од кафуле, од работното биро или од дома - секогаш само на клик од нив.

Покрај официјалната веб-страница на организацијата, Цивил изработи посебна повеќејазична веб-страница за проектот Слободни избори 2014, промовирана непосредно пред изборите. На неа граѓаните имаа можност да пријавуваат изборни нерегуларности, да се информираат за своите гласачки права и да го следат во живо видео преносот од нашите прес конференции на изборните денови или да ги прегледуваат подоцна снимките од нашата видео архива.

Оваа алатка се покажа како исклучително продуктивна во дисеминацијата на презентираните податоци на прес конференциите на Цивил до медиумите и новинар(к)ите кои поради обемноста на нивната работа за време на деновите на гласањето не можеа да постигнат да бидат физички присутни во прес центарот, туку ги следеа вклучувањата во живо преку веб-страницата.

Во преку 500 наслови на интернет порталите на медиумите Цивил се користи како референца.

Статистиките за месеците април и мај, кога работата на Цивил Медиа беше најдинамична, бележат над 35.000 посети односно интеракции на публиката со веб-страниците на Цивил, додека бројката на индивидуални страници кои биле прелистани надминува 80.000 или во просек по две страници по посета. Околу 88% од посетителите биле од територијата на Република Македонија,

додека останатите 12% од 93 земји од светот. Одејќи подлабоко во демографските статистики за посетителите, од територијата на Република Македонија најбројни се посетите од Скопје (66%), Битола (9%) и Штип (6%), додека вкупната бројка на градови од земјата и странство од каде било пристапено до интернет адресите на Цивил преминува 940 градови. Најголемиот број, или 77% од посетителите, посетите ги оствариле користејќи ги своите персонални компјутери, а 23% преку нивните таблети и смарт телефони.

Користењето на социјалните мрежи одигра клучна улога во анимирањето на јавноста и генерирањето сообраќај кон веб-страниците. Имено, речиси 66% од посетите биле реализирани преку споделените линкови со пријателите и следбениците на корисниците, од кои 97% на Facebook, нешто помалку од 3% на Twitter и незначителен процент на другите мрежи (Google+, LinkedIn итн). Останатиот сообраќај доаѓа од директните посети на нашите интернет адреси (20%), органични пребарувања на интернет пребарувачите (8%), референтни линкови од други веб-страници (5%) и 1% од други извори.

Една од најпопуларните објави од информативната редакција, според посетеноста, е сторијата „Откриени илјадници гласачи во Центар" на новинарката Мери Јордановска од тимот на Цивил Медиа, објавена на 25 април 2014, со 2.784 посети, а споделен е 428 пати.

Втора содржина по популарност е објавата „Поткуп на гласачи", од 20 април 2014, според видео кое го направи еден од набљудувачите на Цивил. Текстот има 2.045 посети, а споделен е 355 пати.

Третото место припаѓа на непопуларната „Изјава на правобранителот Иџет Мемети за нерегуларностите при гласањето во затворите" од 26 април 2014. Текстот е посетен 1.701, а е споделен 244 пати.

Овие публикации на нашата веб-страница, освен што беа посетени и споделувани, исто така предизвикаа голем интерес во медиумите кои, пак, беа редовно брифирани од Цивил со испраќање на дневен билтен на содржини објавени од информативната редакција Цивил Медиа.

Богатата видео продукција за проектот Слободни избори 2014 која беше пласирана на интернет преку YouTube каналот на Цивил, исто така, се покажа како популарна и привлечна за јавноста. Поставените видеа се погледнати над 35.000 пати, а посетителите имаат поминато преку сто илјади минути во нивно прегледување.

civil.org.mk
civil.mk
civil.com.mk
slobodniizbori.mk
facebook.com/civil.mk
twitter.com/CivilMacedonia
youtube.com/civilorgmk
soundcloud.com/civil-org-mk
plus.google.com/+CivilCenterforFreedom

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

32.019.5:342.82(497.7)"2014"

ДЕРАЛА, Џабир М.
Дисквалификувана демократија : избори 2014 / [Џабир Дерала ;
уредник Сашо Ордановски]. - Скопје : Цивил - Центар за слобода, 2014.
- 56 стр. : илустр. ; 21 см

ISBN 978-608-65629-2-2

а) Политичка пропаганда - Изборни процеси - Македонија - 2014
COBISS.MK-ID 96663818














2014
СЛОБОДНИ ИЗБОРИ
ZGJEDHJE TË LIRA
WWW.CIVIL.ORG.MK







ПОЛИЦИ
11
9
10




EMBASSY OF THE UNITED STATES OF AMERICA
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC
Embassy of the Federal Republic of Germany Skopje
FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA